Од Мај 2011 година, РРОМА стана дел од Интернационалната Ромска младинска мрежа ternYpe.

ternype е мрежа на млади и младински асоцијации, кои што креираат место за младите да станат активни граѓани преку зајакнување, мобилизација, само-организирање и учество. ternype верува во заедничко разбирање со креирање на доверба и меѓусебна почит помеѓу младите Роми и не-Роми.

http://www.ternype.eu

ternYpe
International Roma Youth Network






Придружете ни се:




Тошо Куковски бб

П.Ф. 32

1360 Кратово

Македонија

Тел/Факс: 031 48 11 89

Е- маил: romassn@ymail.com

http://romassn.blogspot.com

http://zastitise.blogspot.com




# Не гледај од страна: Учествувај!

РРОМА
Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација

# Кои сме ние?

РРОМА– Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација е името на Ромската младинска мрежа, формирана на 15-ти Декември 2007. РРОМА работи на мобилизација и зајакнување на младите преку креативност и кампања. Нашата визија за младите е да станат промотори на позитивни вредности и активен фактор во социјалните случувања, кое што ќе рефлектира во заедниците, помагајќи им да ја изградат нивната сопствена иднина и живот во подобра насока. Правејќи го тоа тие стануваат активни граѓани и креатори на јавни политики кои се однесуваат на нив и на Ромската заедница.

# Мисија …

РРОМА како информативен-едукативен центар за поддршка на младите Роми од северо-источен регион на РМ работи на афирмација и промоција на можностите за личен развоја и интеграција, како и промоција на активното граѓанство и само-вклучување во креирањето на младински политики за младите Роми.

Или со други зборови, да зајакнеме и мобилизираме што е можно повеќе млади преку креативност и кампања за да постанат докажани и активни граѓани.

# Ние работиме …

На различни полиња како, едукација за човекови и малцински права, лоби и застапување, кампањи, правење истражувања, видеа, подготовка на локални програми, иницирање на младински политики, креирање на стратегии и многу повеќе. Но, најважно е тоа што за сето тоа што го правиме ја користиме нашата и креативноста на младите.

Вредностите во кои што ние веруваме и ги промовираме за нашата заедница се:

- Живот во хармонија со природата
- Социјална инклузија
- Мултикултурализам
- Peer едукација
- Тимска работа
- Креативност




## *Ние веруваме дека младите можат да учествуваат во одлуките кои ги носиме ! Не утре ! Денес !*

Креативното мислење може да биде многу забавно, особено ако го мешаме со употреба на новите веб 2.0 алатки. Ние навистина уживаме да мислиме креативно и тоа да го употребиме во нашиот систем на работа. Ова ни помогна да креираме нов стил на работа: Кампања, мобилизација и зајакнување преку креативност и употреба на новите веб 2.0 алатки.

**Нашето мото е:**

**„Младата Ромска генерација го прави тоа кое што ВИЕ сте биле исплашени да го направите“.**

